РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ**
**НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР – СКОПЈЕ**

# СООПШТЕНИЕ

**ЗА ЗАВЕРКА НА ЗИМСКИ СЕМЕСТАР И ЗАПИШУВАЊЕ**
**НА ЛЕТЕН СЕМЕСТАР ВО УЧЕБНА 2023/24 ГОДИНА**

Се известуваат студентите на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје дека запишувањето на летниот семестар во учебната 2023/24 година ќе се врши на:

| | |
|---|---|
| **I година** | **- 05-07.02.2024 год.** |
| **II година** | **- 08/09.02.2024 год.** |
| **III година** | **- 12/13.02.2024 год.** |
| **IV година** | **- 14-16.02.2024 год.** |
| **IV год. /втор пат** | **- 19/20.02.2024 год.** |

**При заверка на зимскиот и запишување на летниот семестар студентите задолжително треба да си ги пополнат и достават со останатите документи и АНОНИМНИТЕ анкетни листови, во број на примероци кој соодветствува на бројот на предмети кои студентот ги слушал во зимскиот семестар 2023/24 год. (анкетните листови се подигнуваат од училницата А60).**

**НАПОМЕНА:**

- **ПРИ ЗАПИШУВАЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ, РЕДОСЛЕДОТ НА ПРЕДМЕТИ Е СЛЕДНИОТ: НАЈПРВО СЕ ЗАПИШУВААТ НЕПОЛОЖЕНИТЕ ПРЕДМЕТИ ОД ПРЕТХОДНИТЕ ПАРНИ СЕМЕСТРИ, ПОТОА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ПРЕДМЕТИ ОД СЕМЕСТАРОТ КОЈ СЕ ЗАПИШУВА, ПОТОА ИЗБОРНИТЕ ПРЕДМЕТИ ОД ФАКУЛТЕТОТ ОД СЕМЕСТАРОТ КОЈ СЕ ЗАПИШУВА И НА КРАЈ ИЗБОРНИТЕ ПРЕДМЕТИ ОД ЛИСТАТА НА УКИМ.**
- **Збирот на кредитите од сите запишани предмети не смее да надминува 36 кредити. До колку системот не дозволува запишување над 35 кредити, предметот ќе биде електронски внесен од страна на Одделението за студентски прашања.**
- **За секој запишан кредит над квотата од 30 кредити (квота на кредити во еден семестар), студентите треба да платат надомест во износ од 205/410 денари за секој дополнителен кредит (205 денари – студенти во државна квота и 410 денари – студенти во квота со кофинансирање и вонредни студенти).**
- **За студентите кои запишуваат VIII семестар по втор пат и повеќе пати: Предметот дипломска работа се презапишува како и останатите неположени предмети.**

**ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАВЕРКА И ЗАПИШУВАЊЕ НА СЕМЕСТАР:**

1. ИНДЕКС
2. ОБРАЗЕЦ ЗА ЗАВЕРКА НА СЕМЕСТАР
3. ОБРАЗЕЦ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СЕМЕСТАР
4. Уплатница (Образец ПП50)

- за уплатени **6.150ден.** (100 EUR), со цел на дознака - *Втора рата од надоместокот за студирање*, на сметката на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер (за студенти кои се запишани во државна квота)
- за уплатени **12.300ден.** (200 EUR), со цел на дознака - *Втора рата од надоместокот за студирање*, на сметката на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер (за студенти кои се запишани во квота со кофинансирање на студирање и за вонредните студенти)

Уплатата се врши на **образец ПП 50** и ги содржи следните податоци:
**Цел на дознака**: Надомест за студирање - II рата
**Назив на примачот**: Буџет на РМ, ФДТМЕ - Скопје
**Банка на примачот**: НБРМ
**Жиро сметка**: 100000000063095
**Износ: 6.150/12.300ден.**
**Сметка на буџетски корисник**: 1600161654–788–11
**Приходна шифра и програма**: 723012 41

5. Уплатница (Образец ПП50)
- за уплатени средства за презапишување на неположени предмети од претходните летни семестри во износ од:
- 205 денари за секој кредит над квотата од 30 кредити - за студенти што студираат во државна квота;
- 410 денари за секој кредит над квотата од 30 кредити - за студенти што студираат во квота со кофинансирање, вонредни студенти.

Уплатата се врши на **образец ПП 50** и ги содржи следните податоци:
**Цел на дознака**: Надомест за неположени испити
**Назив на примачот**: Буџет на РМ, ФДТМЕ - Скопје
**Банка на примачот**: НБРМ
**Жиро сметка**: 100000000063095
**Износ: (205/410 ден.) Х(бр. на кредити над квотата од 30)**
**Сметка на буџетски корисник**: 1600161654–788–11
**Приходна шифра и програма**: 723013 41

---

**Според ценовникот за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите на Факултетот (Одлука бр. 02-339/2-VII-3 од 11.9.2023 год.):**

**- ЗАПИШУВАЊЕТО БЕЗ КАЗНА ЌЕ СЕ ВРШИ ДО 20.02.2024 ГОДИНА. СТУДЕНТИТЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ТРЕБА ДА ГИ ДОСТАВАТ ДОКУМЕНТИТЕ ВО ПРЕДВИДЕНИТЕ ТЕРМИНИ, А ДО 20.02.2024 МОЖАТ САМО ДОПОЛНИТЕЛНО ДА ДОСТАВУВААТ ДОКУМЕНТИ ШТО НЕДОСТАСУВААТ ИЛИ СЕ НЕИСПРАВНИ.**

**- ЗАПИШУВАЊЕТО НА СЕМЕСТАРОТ ОД 21.02.2024 ДО 20.03.2024 ГОДИНА ЌЕ СЕ ВРШИ СО НАДОМЕСТ ОД 1000 ДЕНАРИ.**

**- ЗАПИШУВАЊЕТО НА СЕМЕСТАРОТ ПО 20.03.2024 ГОДИНА МОЖЕ ДА СЕ ВРШИ ВО ИСКЛУЧИТЕЛНИ СЛУЧАИ ПО ПОДНЕСЕНО И ОБРАЗЛОЖЕНО БАРАЊЕ ОД СТУДЕНТОТ СО НАДОМЕСТ ОД 2000 ДЕНАРИ.**

---

**01.02.2024 г.**

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР – СКОПЈЕ**